РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-330/2
17-06-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот оформен по пријава заведена под број 12-330/1 од 23.01.2024 година, со наводи за нестручно и незаконито постапување на судии од Основен суд --------- и од Апелационен суд --------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај од причина што за пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата ќе се достави на надлежно постапување на Судски совет на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-330/1 од 23.01.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 23.01.2024 година, доставена е пријава заведена под број 12-330/1, со наводи за нестручно и незаконито постапување во судска постапка од страна на судии од Основен суд -------- и од Апелационен суд -------------. Во пријавата, подносителот наведува дека против него се водела судска постапка пред Основен суд --------, за утврдување на граѓанска одговорност за навреда и клевета и надомест на штета, под број П 5 бр.2/22, во која со донесената пресуда од страна на Основниот суд -------- тужбеното барање на тужителот делумно било усвоено и била утврдена граѓанска одговорност на туженото лице за навреда и клевета на тужителот со тоа што на социјалната мрежа Фејсбук

изнело понижувачко мислење за тужителот. Од страна на подносителот на пријавата се искористени правните лекови во постапката, била вложена жалба до Апелационен суд -------- кој донел Пресуда со која жалбата на тужителот се одбива како неоснована. Пресудата на првостепениот суд ------- освен во делот на трошоците била потврдена. Подносителот бара ДКСК да го преиспита случајот и да постапи согласно нејзините законски надлежности.

При разгледување на предметната пријава, ДКСК констатира дека станува збор за наводи по кои друг орган е надлежен да постапува и предметот ќе го достави на надлежно постапување на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител
Одобрил:С.Д., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата